# Кнауф Perlfix

**K465**

Материјал

Подрачје на примена

Својства

Обработка






## Материјал

### Состав на материјалот

Кнауф Perlfix е прашкаст материјал изработен врз база на гипс и адитиви, прилагоден за лепење на вертикални површини.

### Складирање

Вреќите треба да се чуваат на суво место на палети.
Се складира до 6 месеци .

### Податоци за порачка

| | | |
|---|---|---|
| вреќа 25кг | бр. на производ | 723 00 700 |
| вреќа 40кг | бр. на производ | 723 08 100 |

## Подрачје на примена

Се користи за лепење на разни видови материјали директно на ѕид од цигла, сипорекс или бетон:

- Кнауф плочи (суво малтерисување систем W611)
- изолациони материјали (стиропор и плочи од минерална волна)
- Кнауф термоплочи ПС/ МФ системи W624 и W631)

## Својства

- прашкаст материјал, готов за обработка
- лесно се подготвува без грутки
- добро се лепи на подлогата
- гипсен производ
- кремаста смеса
- долго ја задржува водата по мешањето
- лесно се чисти алатот

## Обработка

### Подлога

- Подлогата мора да биде чиста, цврста и носечка, сува. Остатоците од нечистотии и стари премази треба да се отстранат.
- Силно впивливите подлоги треба предходно да се премачкаат со премаз Кнауф Grundiermittel.
- Мазните невпивливи бетонски површини треба предходно да се премачкаат со Кнауф Betokontakt.

### Замешување

40кг Кнауф Perlfix-лепило се посипува со околу 21л чиста вода и се меша додека не исчезнат грутките.

### Потрошувачка на материјал

Околу 5кг/м² за лепење на ѕидана или бетонска подлога.

### Обработка

- Вообичено Кнауф Perlfix-лепилото се нанесува во топки на растојание од околу 35 цм. Кај големи нерамнини најпрво на подлогата се лепат ленти од Кнауф плочи со Perlfix-лепило, а потоа на нив и Кнауф плочите.
- На Кнауф термоплочи со минерална волна, треба пред лепењето, врз минералната волна да се нанесе тенок слој на Кнауф Perlfix.
- Кнауф плочите се притискаат на ѕидот во вертикална положба и се нивелираат со гумен чекан и летва. Дебелина на лепакот мора да е најмалку 1,5 цм.
- Кнауф плочите се спојуваат без фуги, а споевите се исполнуваат со Кнауф Uniflott или Fugenfüller.

### Работна температура

Температурата на просторијата и подлогата треба да е најмалку + 5° C.

### Отворено време

Од моментот на мешање околу 30 минути зависно од видот на подлогата. Нечисти садови и алат за мешање го скратуваат отвореното време. Поставувањето и нивелирање на плочите треба да се изведе пред стврднување на материјалот.

### Забелешки

Кнауф Perlfix-лепилото не треба да се меша со други материјали бидејќи со тоа се менуваат и својствата на лепакот. По работата алатот и садовите треба веднаш да се измијат со вода.

Кнауф дооел Скопје
ул. Даме Груев бр.5 Скопје тел. 02/31-17-765, 31-16-562, факс 02/32-13-153
e-mail: info@knauf.com.mk .internet:http://www.knauf.com.mk

Ги задржуваме правата на технички измени. Нашите гаранции се однесуваат на беспрекорниот квалитет на нашите производи. Конструктивните, статички и градежно-физички својства на Кнауф системите може да се остварат исклучиво со примена на системските компоненети од Кнауф производната програма. Нормативите за материјал и начинот за работа се искуствени.
Ги задржуваме сите права за ев.измени и препечатувања.

**Издание: октомври 2003**

K451 / dtsch. / A / 10.98 / FB / D
K451 / maz. / MK / 10.03 / TG / A